РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАСИЛЕВО
Бр. 05 -185/14
15.02 20. 24 год.
Василево

Друштво за туризам, промет и услуги
ЊУ ВЕЈС ОФ ТРАВЕЛ ДООЕЛ
Бр. 191
15.02 2024 год.
СКОПЈЕ

**ДОГОВОР**
**за набавка на услуга за резервација и набавка на авионски билети за службени патувања за потребите на Општина Василево**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**1.** Општина Василево - Василево, со седиште во Василево бб, претставувано и застапувано од градоначалникот Славе Андонов (во понатамошниот текст: Договорен орган) од една и,

**2.** Друштво за туризам, промет и услуги Њу Вејс Оф Травел Дооел Скопје, со седиште во Скопје Бул Свети Климент Охридски бр 30, ЕМБС 6884482, ЕДБ:4080013538326 претставувано од управителот Рената Донева (во натамошниот текст: Носител на набавката) од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Со овој договор се утврдуваат меѓусебните права и обврски на договорниот орган и носителот на набавката во врска со набавка на услуга за резервација и набавка на авионски билети за службени патувања за потребите на договорниот орган за период од 12 месеци или до искористување на сумата наведена во член 2 од овој договор, по вид и карактеристики согласно техничката спецификација и понудата на носителот на набавката, кои се составен дел на овој Договор, кои носителот на набавката се обврзува да ги спроведува, а договорниот орган да ги преземе и плати во согласност со одредбите на овој Договор.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупната вредност на договорот изнесува до 150,000 денари со вклучен ДДВ, колку што изнесува износот на средства наведени во Одлуката за јавна набавка. Договорниот орган нема обврска да ја реализира во целост вредноста на договорот.

## IV. НАЧИН И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 3**

Договорниот орган се обврзува плаќањето да го врши по приемот на фактура, најдоцна во рок до 30 дена.

Фактурата треба да ги содржи следните елементи, покрај оние пропишани со закон и тоа:

- Релација
- Период на реализација на патувањето
- Лица кои патувале
- Цена на авионскиот билет без TSC
- Износ на TSC
- Износ на одобрен попуст на TSC
- Износ за плаќање за TSC
- Вкупна цена на авионскиот билет
- Потпис и печат на одговорното лице

Во прилог на фактурата треба да се достави и копија од оригиналната фактура од компанијата авио превозник/извод (извадок) од месечната фактура од BSP системот која ќе ги содржи деталите за набавениот авио билет. Во спротивно фактурата нема да биде прифатена.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Договорот се склучува за временски период од 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на неговото влегување во сила или најмногу до вредноста определена во член 2 од овој договор.

## VI. НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА

**Член 5**

Реализација на Договорот ќе се врши на тој начин што договорниот орган ќе достави писмено барање (преку е-пошта) до носителот на набавката, кое ги содржи следните податоци: почетна и крајна дестинација на патувањето, датум на поаѓање и враќање, вкупен број на авио билети и лицата за кои треба да се изврши резервација.
Носителот на набавката е должен во рок од 24 часа од поднесувањето на барањето од страна на договорниот орган да достави најмалку две варијанти/понуди за бараната дестинација со детали и цени за летовите кои се наведени во прилог на понудата.

Понудата треба да содржи: почетна и крајна дестинација на патувањето, датум и час на поаѓање и на враќање, класата на авионскиот билет, компанијата преку која ќе се реализира патувањето, имињата на лицата кои ќе патуваат, составните елементи на цената, одобрениот попуст и крајната цена на авионскиот билет. Носителот на набавката доставува најповолна и најекономична понуда за бараната дестинација.
Во цената од понудата носителот на набавката мора да го вклучи и посебно да го изрази TSC, попустот на TSC и износот за плаќање за TSC, кој не смее да биде различен од износот за плаќање за TSC искажан во понудата.
Договорниот орган преку е-пошта го известува носителот на набавката во рок од 24 часа за избраната варијанта на патувањето.
Носителот на набавката откако ќе биде известен од страна на Договорниот орган за прифаќање на конкретната понуда е должен во рок од 24 часа да изврши резервација на авио билетите.

## VII. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

**Член 6**

Договорниот орган се обврзува до носителот на набавката навремено да доставува барање за набавка на авио билети и тоа во писмена форма (е-пошта).
Договорниот орган се обврзува по извршениот избор, писмено да го извести носителот на набавката за избраната понуда.

**Член 7**

Носителот на набавката се обврзува навремено да го известува договорниот орган и да достави понуда, која треба да ги содржи елементите утврдени со член 5 од договорот.

Носителот на набавката треба да овозможи максимална флексибилност во поглед на промена на бројот на патници, промена на дестинацијата и/или откажување на билетите се до моментот на издавање на авионскиот билет, односно најдоцна до работниот ден кога е издаден билетот.

Носителот на набавката се обврзува, откако ќе биде известен која понуда е прифатена да изврши резервација на авионските билети.
Носителот на набавката е должен да обезбеди 24 часовна корисничка поддршка за време на летовите.

**Член 8**

Носителот на набавката се обврзува дека нема да врши корекција на цените на авионските билети, односно цените искажани во понудата ќе бидат фиксни за одредена дестинација до денот на подигањето, односно испораката на авионските билети.

## VIII. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОР

**Член 9**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или раскинување на овој договор.

Договорниот орган може да го раскине договорот пред истекот на времетраењето на овој договор, доколку носителот на набавката цените на авионските билети не ги утврдува согласно понудата.

Договорот може да се раскине во текот на неговото извршување до неговата целосна реализација, со претходна согласност од двете договорени страни, под услови предвидени со Законот за облигациони односи.

## IX. ВИША СИЛА

**Член 10**

Договорните страни се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон другата за загуба, штета, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор, кои се предизвикани со дејство на виша сила.

Под виша сила се подразбира она што е регулирано со Законот за облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или услови за раскинување на Договорот.

## X. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 11**

Договорот влегува во сила сметано од денот на неговото потпишување и е со важност за период 12 (дванаесет) месеци или до целосна реализација на вредноста на договорот.

Договорот може да се раскине и пред неговото извршување, со претходна согласност од двете договорни страни, под услови предвидени со Законот за облигациони односи. Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или раскинување на овој Договор.

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат сите спорови ќе ги решава надлежниот суд.

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

**Член 12**

За се што не е предвидено со овој Договор, ќе се применува Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република С. Македонија.

**Член 13**

Овој Договор е изработен во 5 (пет) еднообразни примероци, од кои 3 (три) примероци за договорниот орган и 2 (два) примероци за носителот на набавката.

| ДОГОВОРЕН ОРГАН | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА |
| --- | --- |
| Општина Василево | ДТПУ Љу Вејс Оф Травел Дооел Скопје |
| Градоначалник | Одговорно лице |
| Славе Андонов | Рената Донева |
| ______________________ | ______________________ |